434

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
11. XII. 1965

# Пурпурен и темен колорит

## ИЗЛОЖБА НА ОМЕР КАЛЕШИ ВО СКОПЈЕ

Во домот на Градежните работници, отвори изложба сликарот Омер Калеши од Цариград, кој е инаку роден во Македонија.

Бидејќи до сега немавме можност да се запознаеме со ликовната активност на Турција, изложбата на Омер Калеши, независно од каков ранг е таа, претставува прва наша средба со еден турски сликар. Се разбира од неговите слики нема да добиеме ни делумна претстава за било која струја на најновото турско сликарство, не само затоа што Калеши не е претставник на некоја тамошна тенденција, туку и заради тоа што тој сѐ уште е многу млад, (неодамна завршил академија), а сликите што ги изложува во Скопје, всушност се неговите почетни работи. Впрочем, само ако ги земеме за олеснителни овие околности, ќе можеме да зборуваме за вистинска прва средба со еден турски сликар.

И во тематска, и во технолошка, и во естетска смисла, сликарството на Омер Калеши, ги содржи суровите знаци на почетништвото. Тие знаци се особено засилени кога доаѓаат во судир неговите академски познавања и неговите непосредни, самоуки искуства; (пред да се запише на ликовна академија Калеши бил електричар). Токму на нивото на тоа вкрстување или поточно раскрстување), се движи досегашниот степен на неговото сликање. Во неговата сликарска постапка се забележува знатно колебање, што во прилична мера го оградува неговиот сликарски карактер, и не ни дозволува да си создадеме некоја подредена претстава за вистинскиот исход од оваа комплексна состојба, која е тукуречи општ белег за почетниците, и кај нас и на секаде.

Единствениот предмет на неговите слики е човекот, односно човечката фигура, зашто присуството на човекот тука не игра никаква друга улога (барем не се назира никаква друга улога), освен да служи како сув визуелен објект, се разбира, што не е доволно за проблемот на уметноста. Тука човекот е сув аргумент. Од анатомски аспект, тој е деформисан, а неговото компонирање е доста еднообразно и позерско. Тоа е всушност човек што е отсечен од својот природен амбиент, од својот органски свет, и од својата функционалност. Од друга страна пак, оваа забелешка можеби има свое психолошко и духовно оправдание, не како ликовен израз тоа се уште не е манифестирано.

Калеши има едно добро својство. Тој иако не покажува некоја особена дарба за ракување со бојата и со нејзините можности, ниту пак некоја вештина при нејзиното поставување, сепак уште на овие почетни слики, создаде еден издиференциран, сопствен однос кон феноменот на бојата, и на тој начин постигна оригинално сликарско чувство, што е добар знак за младиот сликар. Неговиот постојан пурпурен и темен колорит, му дава на тоа чувство двојбен драматичен облик, и на тој начин го привлекува вниманието. Тоа е од особена важност, бидејќи се поклопува со нагласената социјална содржина, а уште повеќе, со социјалната тенденција на неговите слики.



Омер Калеши (Истамбул): Композиција I (од изложбата во Скопје)

Паскал Гилевски